# ПОПУЛАРНОСТА"



*Носталгичен настап со многу хитови.- Верица, Даниела и Зорица*



*Во одлична форма.- Дино Мерлин со наградата за животно дело*

подели на три дела. "Бубамара" откри ексклузивна снимка од "прислушуван" разговор меѓу сопственикот на радиото "Бубамара" и сценарист на шоуто, Ранко Петровиќ, и Сашко Коцев, во кој со шифри зборуваат за Влатко Стефановски, кој ја доби наградата за албум на годината, за "Сеир". Тамара Тодевска од внукот Вук ја



*Тамара ја доби наградата за хит на годината, а Даниел Кајмакоски за пејач на годината.-Романтичен крај, со тема од филмот "Валкан танц"*

доби наградата за хит на годината, за "Тажна љубов, среќна песна", Трајче Георгиев е откритие на годината, а Даниел Кајмакоски пејач на годината. Не се додели наградата за пејачка на годината, ниту за концерт на годината. "К-15" ја добија најоригиналната награда "Ин мемориам", откако по црниот хумор на Игор Џамбазов им оддадовме почит со минута молчење. Дино Мерлин и Неле Карајлиќ беа годинашниве балкански ѕвезди со наградите за животно дело, како и трите дами Верица Ристевска, Даниела Панчетовиќ и Зорица Поп-Панкова, кои нé вратија во златните седумдесетти. "Љубојна" ја доби наградата за етногрупа, Ерол Ризаов од "Утрински весник" за најчитана страница, "Коза ностра" за најпопуларен сајт, "Стјуардеси" за најпопуларна претстава, Александар Микиќ за актер, Дариа Ризова за актерка, Слаткар за спот, "Еден на еден" на Жарко Димитроски за ТВ-емисија... Најсмешен скеч беше доделувањето на наградата за спортист на годината Столе Стоилов, кој поради прекарот балеринче одигра мини-балетска точка со Сашко Коцев како партнер. "Бубамара" траеше речиси четири часа и го оправда слоганот "Смеете да се смеете". Снимката ќе се емитува утре, на "Канал 5", од 20.30 часот.

***М. Царовска***

Фото: Д. Перковски

